СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



Дирекција за тргување и девизен пазар

3 Јуни 2014

# Дневен извештај за финансиските пазари

- Инфлација во еврозоната
- Невработеност во еврозоната
- Економски индикатори во САД

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3603 | **XAU** | 1246.1 |
| **EURCHF** | 1.2222 | **XAG** | 18.83 |
| **EURAUD** | 1.4657 | **Brent** | 110.14 |
| **EURGBP** | 0.8118 | **Copper** | 7003 |
| **EURJPY** | 139.2 | **Nickel** | 19405 |
| **USDJPY** | 102.32 | **Zink** | 2081 |




Еврото се тргуваше на најниско ниво во однос на доларот во изминатите три месеци, откако инфлацијата во Германија успори за минатиот месец со што се зголемија шансите дека ЕЦБ ќе воведе монетарен стимул на состанокот оваа недела. Доларот апрецираше во однос на сите 16 главни главни валути откако индексот за производна активност ISM порасна на 55.4 од 54.9 во април заради сезонски прилагодувања. Инфлацијата во Германија се зголеми со најслабо темпо во изминатите 4 години до 0,6% од 1,1% во април. Јенот депрецираше за прв пат во изминатите четири дена. Австралискиот долар депрецираше откако индексот за цените на недвижности во најголемите австралиски градови се намали за 1,9% највеќе од кризата во 2008 година. Бразилскиот реал депрецираше 1.1% откако економистите предвидуваат дека Централната Банка ќе го редуцира економскиот пораст до најниско ниво.

Прометот на домашниот девизен пазар во петокот изнесуваше ЕУР 28,9 млн. На интербанк пазарот се тргуваше во износ од ЕУР 0,5 млн. додека на пазарот на меркет мејкери во износ од ЕУР 3 млн по цени од 61,64 и 61,72 .

Свет - Германската канцеларка Ангела Меркел изрази загриженост за останувањето на Велика Британија во составот на ЕУ.

**Референтни каматни стапки**

| Валута 3/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0.08900 | 0.12090 | 0.15100 | 0.22715 | 0.32190 | 0.55080 |
| Libor CHF | -0.0120 | -0.0100 | -0.0080 | 0.01200 | 0.06440 | 0.14300 |
| Euribor | 0.226 | 0.244 | 0.25 | 0.309 | 0.394 | 0.477 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,70 | 3,16 | 3,60 | 4,53 |

Изјавата на Меркел доаѓа во време кога европските лидери разговараат околу кандидатите за претседател на Европската комисија. Германскиот весник „Шпигел“ објави дека британскиот премиер Дејвид Камерон ги предупредил останатите европски лидери дека нема да може да гарантира останување на земјата во ЕУ, ако Жан Клод Јункер биде избран на функцијата.

**Берзи**

| Индекси | 3/6/14 | 2/6/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9950.12 | 0.07 | 4.67 |
| Dow Jones | 16743.63 | 0.16 | 1.01 |
| FTSE | 6864.1 | 0.29 | 2.01 |
| Nikkei 225 | 15034.25 | 0.64 | -7.72 |
| Hang Seng | 23248.31 | 0.72 | -0.39 |
| MBI- 10 | 1747.39 | -0.67 | 2.24 |

**10- годишни државни обврзници**

| | 10 години | |
|---|---|---|
| земја | цена | принос |
| **US** | 99.79688 | 2.5231 |
| **В. Британија** | 96.934 | 2.625 |
| **Канада** | 101.97 | 2.278 |
| **Германија** | 101.245 | 1.365 |
| **Франција** | 104.378 | 1.767 |
| **Италија** | 113.05 | 2.97 |
| **Шпанија** | 108.086 | 2.85 |
| **Грција** | 78.743 | 6.272 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

Акциите во САД флуктуираа при што индексот S&P ги анулира претходните загуби откако индексот за производна активност ISM ги корегираше двапати претходните податоци. Индексот S&P порасна помалку од 0,1%, индексот Dow Jones се зголеми за 0,1% додека Russel индексот се намали за 0,5%. Европските акции пораснаа до највисоко ниво во изминатите 6 години откако индекот на индустриско производство во Кина се зголеми со најбрзо темпо од декември. Индексот Stoxx Europe 600 се зголеми за 0,2% што е највисоко ниво од јануари 2008 година. Државните обврзници на САД ја намалија вредноста по порастот на индустриското производство во САД со најбрзо темпо во мај, а и кинеското индустриско производство порасна со најбрзо темпо во изминатите 5 месеци. Шпанските државни обврзници пораснаа, при што пет годишниот принос достигна рекордно ниска вредност, откако ниската инфлација во Германија ги зголеми очекувањата дека ЕЦБ ќе превземе акција со цел да ја стимулира економијата оваа недела. Германската две годишна обврзница достигна најнизок принос во повеќе од 1 година и ирската 10 годишна обврзница достигна рекордно низок принос по коментарите дека ЕЦБ би можела да воведе нови ликвидносни мерки. Португалските обврзници ја намалија вредноста трет ден по ред откако уставниот суд на Португалија блокираше некои мерки на штедење.

**Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар**

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18-Jun-13 | ДЗ2013/08а-350 | 4-Jun-14 | 1 | 3,60% | - | 3,50% | 3,00% |
| 18-Jun-13 | ДЗ2013/09-350dk | 4-Jun-14 | 1 | 3,40% | dk | 3,50% | 3,00% |
| 29-Oct-13 | ДЗ2013/16а-350 | 15-Oct-14 | 142 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 3-Dec-13 | ДЗ2013/30-182dk | 6-Jun-14 | 3 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 3-Dec-13 | ДЗ2013/29-182 | 6-Jun-14 | 3 | 3,15% | - | 3,20% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | ДЗ2014/02-364 | 25-Feb-15 | 274 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/05-182 | 29-Oct-14 | 148 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06-182dk | 29-Oct-14 | 148 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06а-350 | 15-Apr-15 | 316 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/08-182dk | 5-Nov-14 | 155 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-182 | 5-Nov-14 | 155 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-364 | 6-May-15 | 333 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/09-182 | 19- Nov-14 | 169 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/10-182dk | 19- Nov-14 | 169 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/08-364 | 21- May-15 | 351 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 11:00 | EU | Inflation rate |
| 11:00 | EU | Unemployment rate |
| 15:45 | US | ISM New York index |
| 16:00 | US | Durable goods |
| 16:00 | US | Factory orders |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Биљана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Коста Шорко тел. 3295- 107; e- mail: kosta.sorko@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг и Ројтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира. Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.